Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР
GJYKATA E APELIT GOSTIVAR

Ул. Живко Брајковски бр.1, 1230 Гостивар / тел: 042-221-544 / info@asgostivar.mk
Rr. Zhivko Brajkovski nr.1, 1230 Gostivar / tel: 042-221-544 / info@asgostivar.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР 2 GJYKATA E APELIT GOSTIVAR REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**СУ.бр/AGJ.nr.364/22**
**01.11.2022 година/viti**
**Гостивар/Gostivar**

Претседателот на Апелационен суд Гостивар, Bekim Mehmedi, согласно член 119 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ" бр.66/13 и 114/14) и член 88 став 1 и 2 од Законот за судовите (Службен весник на РСМ" бр.58/06 и 96/19), го донесе следниот:

# КУЌЕН РЕД

## Член 1

Со куќниот ред се утврдува начинот на користењето на работните простории, одржувањето на редот и хигиената, потребните мерки за безбедност на просториите и други мерки за чување на средствата за работа и предметите што се наоѓаат во Судот, како и должностите на грижата за безбедноста на просторите на судот.

Куќниот ред се пропишува заради остварување на оптимални услови за работа на вработените во судот, а со цел полесен пристап на граѓаните во остварувањето на нивните права во судот.

## Член 2

Правилата на куќниот ред се однесуваат и се задолжителни за вработени во просторите на судот и тоа, вработените во Апелационен суд Гостивар, за странките, нивните полномошници, застапници и бранители, други учесници во судската постапка, како и за сите други лица кои по било кој повод се затекнати во просторите на судот.

## Член 3

Внатрешниот ред на просториите на судот ги опфака:

- начинот на користење на работното време во судот
- начинот на користење на работните и другите простории во судот
- влегувањето и престојот во просториите на судот
- обезбедувањето на просториите на Судот и лицата во неа
- днесувањето на вработените во судот и
- фотографирање, аудио и видео снимање.

## НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО СУДОТ

**Член 4**

Работното време во судот е од 07:30 до 15:30 часот.

- Паузата во текот на работното време се користи од 11:00 до 11:30 часот.
- Временскиот период за работа со странки во судските писарници е од 8:30 до 14:00 часот.
- Работното време во приемната писарница за странки е од 07:30 до 15:30 часот.

Вработените во Судот се должни да се придржуваат на работното време и да бидат на своите работни места без непотребно задржување во други простории на судот.

Вработените се должни при доаѓање на и одење од работа, како и при користење на пауза, службен излез и други одобрени отсуства во текот на работниот ден, да се евидентираат со картичката за електронска евиденција на работното време.

Отсуство во текот на работниот ден може да се користи по претходно дибиено одобрение од претседателот на судот, судскиот администратор или овластеното лице.

По работното време во судската зграда се задржуваат вработените кои во тоа време ги извршуваат своите работни обврски (хигиеничари), а останатите вработени во согласност со вонредни потреби за извршување на работите.

Извршувањето на редовните работни задачи надвор од работното време и неработните денови, вработените во судот го вршат по претходно одобрение од претседателот на судот, судскиот администратор или овластеното лице.

Надвор од работното време, вработените можат да влезат во судската зграда со претходна најава кај овластеното лице, која е должна да го евидентира времето на влезот и излезот и причините за влезот.

## НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА РАБОТНИТЕ И ДРУГИТЕ ПРОСТОРИИ И СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА ВО СУДОТ

**Член 5**

Вработените во судот се должни да ги користат просториите и средствата за работа со внимание на добар домаќин.

Работните простории, ходниците и останатите простории во судската зграда мора да бидат уредни, чисти, опремени со хигиенски средства и со пропишани противпожарни уреди.

Во судницата, судските писарници и другите службени простории е забрането извршување на активности и држење на предмети кои не се во функција на извршување на основната дејност на судот.

Во работните простории и во ходниците од судот не е дозволено да се прави непотребна врева, пргласен разговор и смеење со што би се нарушил работниот процес.

Не е дозволено изнесување на основни средства и инвентар од судската зграда, освен во случај на нивна поправка и сервисирање, со одобрение.

Не е дозволена употреба на канцелрискиот материјал за приватни потреби.

Службеното возло на судот може да се користи само за службени потреби, по претходно одобрение од претседателот на судот.

**Член 6**

Просториите во судот, во текот на работното време се заклучуваат кога во нив не се наоѓаат вработените во судот.

По завршувањето на работното време предметите, службените материјали, кацелариският прибор, други предмети од поголема вредност, печатите и штембилите се заклучуваат.

Сите простории мора да имаат резервни клучеви кои се чуваат кај овластеното лице.

Вработените се должни пред напуштањето на работните простории да проверуваат дали се затворени прозорците, угаснати светлата, електричните уреди и апарати.

## ВЛЕГУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО СУДОТ

### Член 7

За влез и излез во судот, вработените и странките го користат истиот влез (единствениот).

При влезот на странките, овластеното лице е должен да врши легитимирање со увид во нивните лични исправи, а доколку се работи за лице без покана за рочиште,, се евидентира влезот и причината заради која влегува во судот. Доколку се работи за лица кои се покани на рочиште, должно е да се изврши увид во поканите и да се упатат на местото за каде се повиканни.

Ако странка кое бара прием кај претседателот на судот, судија или судскиот администратор или други вработени во судот, должно е да се најави странка и да се упати доклоку е одобрен приемот.

На лица во алкохолизирана состојба и пор дејствија на наркотици, нема да им дозволи влез во судот.

Забрането е задржување на странките по завршувањето на потребата од нивното присуство во судот.

Во судница и во просториите за разгледување на списи, забрането е употребата на мобилните телефони.

### Член 8

Во судските простории не е дозволено консумирање на алкохолни пијалоци, а во ходниците и храна.

На судските службеници од писарниците не им е дозволено да користат храна за време на работа со странките.

Строго е забрането пушењето на цигари во судските простории, освен во определената просторија за таа намена.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРИТЕ НА СУДОТ И ЛИЦАТА ВО НЕА

### Член 9

Надзорот над движењето на лицата кои престојуваат во просториите на судот го вршат припадниците на судската полиција (во моментот кога нема припадник на судска полиција се врши од станан на сите вработените) преку непосредно забележување и преку системот за видео надзор.

Судската полиција го одржува редот во судот, го заштитува животот на сите присутни во просториите на судот.

По завршувањето на работното време за безбедноста на зградата и имотот на судот одговара судската полиција на Основен суд Гостивар.

Судската полиција при влез на странкитеи другите лица во судот може да врши преглед и претрес на лица и проверка на предметите кои тие ги внесуваат во Судот.

Забрането е внесување на огнено и други вид на оружје во судот. Лицата кои носат службено оружје при влезот во судската зграда се должни да го предадат на удската полиција.

Доколку странките или другите лице го нарушат редот и мирот во просториите на судот, ќе се превземе содветни мерки.

Во службената просторија забрането е задржување на вработените, странките и други лица.

## ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 10**

Вработените во судот се должни во меѓусебните односи да постапуваат со внимание и почит, да соработуват и да придонесуваат во унапредување на професионалните односи и работната атмосфера, избегнуваќи дејствија кои би имале штетни последици по угледот на судот.

Вработените во судот се должни спрема странките и другите лица кои доаѓаат во судот да постапуваат професионално и непристрасно, водејќи сметка да им се обезбеди полесен пристап во остварувањето на нивните права.

На вработените во судот ме им е дозволоно да коментираат со странките за правилноста и текот на судската постапка, судската одлука и исходот на спорот.

## ПРАВИЛА НА ОБЛЕКУВАЊЕ

**Член 11**

Странките кои влегуваат во судот мора да бидат пристојно и соодветно облечени, во спротивно нема да им биде дозволен влез во судската просторија.

Вработените во судот се должни да бидат пристојно и соодветно деловно облечени. Со своето облекување не треба да предизвикуваат впечаток на непристојност и да го наруши угледот на судот. На вработените не им е дозволено носење на: спортска облека (тренерки), хеланки, кратки здолништа, пантолони над колена, длабоки деколтеа, а рамниците и половината задолжително треба да бидат покриени.

## ФОТОГРАФИРАЊЕ, АУДИО И ВИДЕО СНИМАЊЕ

**Член 12**

Фотографирање, аудио и видео снимање во судската просторија, може да се врши само со писмено одобрение од претседателот на судот.

## ЗАВРШНИТЕ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Куќниот ред електронски е доставен до вработените, достапен во „заедничката папка" и истакнат во просториите во судот.

**Член 14**

Непочитување на одредбите на куќниот ред од страна на вработенитево судот, повлекува дициплинска одговорност, согласно Законот.

**Член 15**

Куќниот ред стапува во сила со денот на донесувањето.

<u>Изработил</u>:
Sedulla Memedi

Претседател на
Апелационен суд Гостивар
Bekim Mehmedi